АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Септември 2023** **Бр.9**

## Одржан третиот јавен состанок на Агенцијата за 2023 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28 септември 2023 година го одржа третиот јавен состанок, на кој директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци.

Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, како и активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и преземените мерки од страна на Агенцијата и најчестите прекршувања на радиодифузерите и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (ОЈЕКМ) за 2020, 2021 и 2022 година. Како што посочи м-р Сања Филиповска од Секторот за правни работи и јавни набавки, најчестите прекршувања кај радиодифузерите се однесуваат на непочитување на правилата за заштита на малолетните лица и неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, додека кај ОЈЕКМ заради реемитување на програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата. Во трите години изречени се вкупно 143 јавни опомени и поведени 17 прекршочни постапки за радиодифузерите, додека за ОЈЕКМ 35 јавни опомени и 8 прекршочни постапки. На оваа тема беше отворена дискусија со цел да се утврдат причините за прекршувањата и да се дадат препораки на што радијата и телевизиите да посветат повеќе внимание во иднина за да се зголеми степенот на почитување на законските обврски.

## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

За законските обврски коишто се однесуваат на објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврските за идентификација на радиодифузер, редовен административен надзор е извршен врз телевизиите Г-ТВ, Гурра, ТВ Канал 8, ТВ Плус и ТВ Здравкин. Со надзорот беше констатирано дека ТВ Г-ТВ, ТВ Гурра и ТВ Здравкин не ги објавија податоците за импресум, додека ТВ Плус и ТВ Гурра не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Врз истите медиуми, извршени се повеќе редовни програмски надзори кои ги опфаќаат обврските при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, обезбедување квизови или други облици на наградно учество, употребата на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 6 часа програма на телевизијата и дневно емитување најмалку 30% изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека ТВ Г-ТВ и ТВ Гурра на своите програми, емитуваа повеќе играни програми без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица пред почетокот и за време на нивното емитување, кај ТВ Гурра регистрирано е емитување на реклами кои не се јасно одвоени од другите делови на програмата, додека ТВ Г-ТВ, ТВ Гурра и ТВ Здравкин немаат емитувано најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела.



*NEWSLETTER*

Извршени се и два контролни административни надзори врз радиото Канал 77, за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена, упатени заради необјавување на импресум и информации коишто треба да се направат достапни за корисниците. Надзорот покажа дека радиодифузерот ги исполнил законските обврски во целост.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторите А1 Македонија, Македонски Телеком, КДС-Кабел Нет, Комбо 2003, Мултимедиа-Нет и Траншпед Трејд, за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат. При надзорите не се констатирани прекршувања.

Врз операторот Алтра-Сат 2000 од Охрид, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали е постапено по претходно изречената мерка јавна опомена, упатена заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. Надзорот покажа дека операторот во целост постапил по претходно изречената мерка.

## Изречени мерки јавна опомена

Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на 22 септември, врз основа на констатации од извршен надзор донесе две решенија за изрекување мерка јавна опомена за ТВ Канал Вис од Струмица и ТВ Канал Здравкин од Велес.

На ТВ Здравкин мерка јавна опомена и е изречена заради неемитување на најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, додека на ТВ Канал Вис заради необезбедување превод на македонски јазик.



INTERCERT system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED
Q-028/2018